Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 1 (едно) дрво (јасен) што се наоѓа на **бул."АСНОМ" бр.42 (на паркингот) – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје извршија непосреден увид на локација **на бул."АСНОМ" бр.42 (на паркингот) – Скопје,** на ден **14.08.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвото има суви гранки, и навалена крошна над паркингот.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото има суви гранки, и навалена крошна над паркингот и постои реална опасност по паркираните возила.
Поради се наведено е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**15.08.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП "Паркови и зеленило", Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ), постапувајќи по службена должност,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решението бр.14-сл/2 од 15.08. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решението бр.14-сл/2 од 15.08. 2023 год., донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност, овој орган, има направено удид на **бул."АСНОМ" бр.42 (на паркингот)** на ден **14.08.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвото има суви гранки, и навалена крошна над паркингот и претставува реална опасност по паркираните возила.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои реална опасност од дрвото по паркираните возила и предизвикување на материјална или друга штета, за што постои јавен интерес,за негово кастрење па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-сл/3**
**15.08.2023** година
Скопје

**Доставено до: Барателот, ЈП “Паркови и зеленило –Скопје” Архива**

Изработил:
**Игор Трпковски**

________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

________________________